**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** [illegible]

[illegible]

**Бр.** 03-1979/4

**Скопје** 20.04.2018г.

**Предмет: Информација за претставка во врска со известување за малолетничко насилство**

Почитувани,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше испратена претставка во врска со начинот на известување на [illegible] за малолетничко насилство, кое се случи во [illegible] во Неготино, при што се бараше регулаторното тело веднаш да реагира така што ќе го спречи емитувањето на снимката од настанот.

Агенцијата спроведе надзор и утврди дека при известувањето не е направено прекршување.

Во прилог на овој допис ги доставуваме претставката од граѓанинот/ката и одговорот од Агенцијата.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

-----------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

| | |
|---|---|
| **From:** | contact <> |
| **Sent:** | Wednesday, April 18, 2018 8:17 AM |
| **To:** | |
| **Subject:** | [Fwd: VE MOLAM REAGIRAJTE VEDNAS!] |

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.04.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1979/2 | 1 | |

Automatically forwarded by:
original message
Subject: VE MOLAM REAGIRAJTE VEDNAS!
From: <>
Date: Wed, 18 Apr 2018 08:17:00 +0200 (CEST)
To: Contact <>

VE MOLAM REAGIRAJTE VEDNAS!

Od koga go dobivte prvicniot mejl so baranje do Vas da reagirate po povod emituvanjeto na snimki od napadot vrz devojce vo od dve nejzini soucenicki , edna televizija sekoj den, znaci skoro edna nedela, bukvalno sekoj den istite snimki gi emituva na svoite vesti. Se raboti za televizijata . Najstrasno od se e sto nasite deca go zabelezaa toa koga nivnite baba i dedo gledaa vesti. Znaci deca vo oddelenska nastava od prvo do cetvrto bidejki istite snimki se emituvaat sekoj den gi zapazile. Dali e normalno da ne mozeme vesti da gledame na TV? Mozno li e skoro edna nedela sekoj den edna televizija da objavuva snimki od vakov nastan? Cinam imeto na novinarot e , pa eve moram da zaprasam zarem toj covek nema za sto drugo da izvestuva pa sekoj den objavuva snimki od fizickiot napad na TV pravejki prilog? Ajde toj i da go pravi toa vo svojot prilog popolnuvajki si termin, krsejki gi site eticki i novinarski normi, nema li televizijata urednik koj moze da ne go objavi prilogot? Koj ke odgovara ako deca od 8 , 9, 10 godini zapocnat istoto da go praktikuvaat gledajki ja taa snimka na televizija, vo moment koga nivnite roditeli resile da gledaat vesti za da znaat sto se slucuva vo nivnata maticna drzava? Svesni li se televiziite deka deca vo taka mala vozrast kopiraat se sto gledaat? Duri i da sme gi zastitile od internet glupostite sto sekojdnevno se plasiraat, kako moze da gi zastitime ako slucajno nesto vidat sto nivniot roditel ili baba i dedo go gledale? Deca vo tolku mnogu mala vozrast, se skloni kon repeticija na raboti sto gi videle. Nema da me cudi ovaa ludost sto se slucuva eve veke skoro edna nedela da ima takvi reperkusii. Tolku mali deca moze da proektiraat se sto videle na televizija ili vo zivo vrz drug. Moze da e dete, moze da e nivno milenice. Nemam zborovi da go opisam svojot bes i gnev. Ova e strasno!

Sakam da zaprasam uste nesto. Svesna li e televizijata za ona sto vo psihologijata se vika povtorna viktimizacija na zrtvata koga e soocena so vakvi snimki? Zarem se svesni deka so toa ne samo sto go krsat zakonot, tuku gi prekrsuvaat i pravata na edno fragilno i maloletno devojce? Pa zarem e vozmozno vakvo nesto da se slucuva kaj nas? Sto e sledno da zapocnat so objavuvanje na snimki od siluvanja? Kolenja? I razni drugi izmacuvanja? Pa

ova e SRAMOTA! Tepacki , fizicki napadi i nasilstvo se slucuvaat sekoj den, nasekade vo svetot. Vo normalna drzava postojat institucii koi gi resavaat tie slucaevi. Zarem e rabota na televiziite da resavaat slucaevi na fizicki napadi megu maloletnici? Kako moze televiziite vo Makedonija da si dozvolat da se stavat nad zakonot, nad regulativata, nad covekovite prava na edno maloletno devojce? Site nie znaeme , pri samo edna obicna prosetka se slucuvaat sekakvi nasilstva na ulica, megu maloletnici, megu polnoletni lica itn. Zarem treba sekoj sto ke snimi takva snimka taa da osamne na internet, da ja prevzemat portali, pa i televizii so nacionalna koncesija da zapocnat da ja objavuvaat? Kolku ponenormalno moze da bide?

Ve zamoluvam da reagirate vrz televiziite da prestanat so objavuvanje na snimki na nasilstvo, posebno koga se raboti za maloletni licnosti. Dali se svesni deka se krsat pravata na tie deca. Toa se pred se deca. Zarem ne e sramota nikoj da ne moze da im ukaze na televizii so nacionalna koncesija deka vakvo nesto e nedozvolivo , sramno i e na granica na psihopatija. Kade e empatijata? Kade e elementarnoto covekovo dostoinstvo? Jas Ve molam da reagirate i dolzni ste da reagirate vednas za vakvo nesto nikogas poveke da ne se povtori vo idnina. Zarem e vozmozno da se slucuva vakvo nesto vo zemja koja saka da stane clen na EU? Tocno, se slucil fizicki napad vrz devojce. Za zal coveckata priroda e sklona kon takvo nesto, posebno na taa vozrast. No dali ako postoi snimka od takov napad taa treba da bide javno spodelena e vistinskoto prasanje? Toa e rabota na istraznite organi! Policija, obvinitelstvo , socijalnite sluzbi itn. Dali e rabota na televizijata sekoj den odnovo i odnovo da go viktimizira devojceto zrtva na toj napad? Sto saka da postigne so toa? Sto e so uste pomalite deca koi takva snimka slucajno videle? Sto ke pravime koga ke zapocnat da gi kopiraat takvite napadi? A bidejki se raboti za mnogu mali deca ako takvo nesto se sluci vo taka mala vozrast istiot napad moze ne daj boze da zavrsi duri i tragicno. Cinam deka imase takov slucaj kaj nas, so nekoe turkanje od prozor koe zavrsilo fatalno po deteto. Apeliram do Vas najstrogo da go osudite sekojdnevnoto objavuvanje na takva snimka na televizija i da prevzemete soodvetni sankcii vednas za istoto nikogas poveke da ne se povtori!
Televizijata moze da reagira ako instituciite ne sakaat, a ovdeka site institucii veke reagiraa. Zatoa ova sto sega se pravi, ne e nikakov altruizam, tuku samo glumenje na novinarstvo, i e sramno i nisko i se granici so sadizam i psihopatija. Ova dokolku se slucese vo nekoja zapadna zemja , so apsolutna sigurnost tvrdam deka ke imase seriozni sancii. No nie sme za zal Makedonija. Sprecete go objavuvanjeto na taa snimka veke ednas! Ve molam!

--

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Бр. 03-1979/5

Скопје 20.04.2018г.

До: __________

**Предмет: Одговор на втора претставка во врска со малолетничко насилство**

**Врска: Наш бр.03-1979/2 од 18.04.2018**

Почитуван/а,

Во Вашата втора претставка во врска со тоа што некои телевизии објавија снимки од малолетничко насилство, кое се случило во ООУ „Гоце Делчев" во Неготино, од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги барате веднаш да реагира така што ќе го спречи емитувањето на снимката.

Во овој допис (испратен на 18 април) реферирате конкретно на известувањето на ТВ 24 Вести, која во континуитет објавува прилози за овој настан. Притоа истакнувате дека малолетници ја виделе снимката додека други членови на семејството гледале вести и дека децата можат да го имитираат ваквото однесување. Освен ова, зборувате и за тоа дека преку емитувањето на снимката се кршат правата на децата, дека жртвата е изложена на повторна виктимизација, итн.

Агенцијата изврши увид во дневно-информативните емисии на ТВ 24 Вести од 13, 14, 15, 16 и 17 април 2018 година. Притоа беше констатирано дека, ТВ 24 Вести при известувањето за овој настан ја користи истата снимка како и другите телевизии врз кои беше извршен мониторинг по Вашиот прв допис (испратен на 16 април). На снимката се замаглени ликовите на учениччките, односно нивниот идентитет не се открива. Оваа телевизија, настанот го следи во низа при што секој нареден ден, темата е новинарски реактуелизирана преку реакција на релевантни субјекти. Пренесени се изјавите, ставовите, соопштенијата на: Првата детска амбасада во светот „Меѓаши", Министерството за внатрешни работи и Полициската станица од Неготино, министерката за образование Рената Тренеска-Дескоска, Државниот просветен инспекторат, Центарот за социјални работи, директорот и психологот на Основното општинско училиште „Гоце Делчев" и Народниот правобранител. Притоа се внимава да нема сензационалистички или непроверени информации. На овој начин, ТВ 24 Вести на настанот му приоѓа професионално, вршејќи една од улогите на новинарството – да ѝ ги обезбеди на јавноста сите релевантни информации за прашање кое е од поширок јавен интерес – борбата против насилството меѓу малолетниците.

Инаку, прашањето на заштитата на малолетниците од програми кои можат да им наштетат има три еднакво важни чинители – регулаторот, медиумите и родителите/старателите. Обврската на првиот е да обезбеди јасни правила за категоризација на програмата и да ја следи нивната примена. Вторите имаат обврска доследно да ги применуваат тие правила, а третите – да одлучат кои програми ќе ги гледаат нивните деца и на кој начин ќе им ги објаснат.

Во Правилникот за заштита на малолетните лица[1], донесен од страна на Советот на Агенцијата во 2014 година, се прецизира дека при емитување сцени со насилство, телевизиите мора најодговорно да ја „осмислуваат рамнотежата помеѓу - правото на јавноста да биде навремено и прецизно информирана, и - потребата од заштита на малолетниците". Затоа е забрането насилство да се емитува во програми

[1] Достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravillnik_za_zastita_na_malloletnite_lica.pdf

што се првенствено наменети за малолетни лица, а за другите програми е воведена категоризација според возраста на публиката за која се наменети. Исклучок се вестите и информативните програми каде што се бара прикажувањето содржини кои можат штетно да влијаат врз малолетните лица да се темели врз одговорна уредничка проценка за неопходноста на деталите во таквиот материјал. Во поглед на информирањето за малолетници кои се сторители или жртви на кривични дела, во Правилникот (член 25) се прецизира: „Доколку во вестите се известува за малолетни лица кои се сторители, сведоци, или жртви на сексуално насилство или на други кривични дела, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да бидат особено внимателни да не објавуваат описи, детали, слики или какви било информации што можат на директен или индиректен начин да укажат на нивниот идентитет". Замаглената снимка и воопштените информации (три ученички од деветто одделение од ОУ „Гоце Делчев" во Неготино) не го откриваат идентитетот пред пошироката јавност во Република Македонија.

Имајќи го предвид сето ова, како и насоките од праксата на Европскиот суд за човекови права од Стразбур во случаите кога требало да се ограничи слободата на изразување и информирање, со надзорите и по првата и по втората претставка, се утврди дека не се прекршени професионалните новинарски начела бидејќи идентитетот на малолетните ученички не беше откриен, а на гледачите им беа пренесени ставовите на повеќе релевантнтни страни во случајот.

Агенцијата ќе ја извести ТВ 24 Вести за Вашата претставка и за нашиот одговор.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

.................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**